18-660/2

# Извештај
## за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Новаци за 2021год

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1092/1 од 16.02.2021 година, го спроведе увидот со доставување на прашалникот електронски до општината и по пополнување на истиот ни беше доставен по пошта, врз основа на што го изготви извештајот за извршен увид на законитоста на работата во општина Новаци.

Увидот на општината Новаци е извршен од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина преку доставениот потполнет прашалник:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Контакт лице за прашалникот е Летка Јовановска.

*Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината. на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на спроведување на постапката за одобрување на* ***елаборати*** *за животната средина комисијата согласно прашалникот утврди дека:* во општина Новаци се изјаснија дека се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина истите се одобруваат согласно постапката и за нив се води евиденција согласно пропишаниот регистар во електронска форма. Овластено лице за одобрување на елаборати бил овластениот инспектор за животна средина.

*По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за издавање на* ***Б интегрирани еколошки дозволи*** *од страна на комисијата согласно одговорите во прашалникот е утврдено дека* согласно активностите кои произлегуват од Законот за животна средина општината ја спроведува постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи. Имаат издадено 1 (една) Б интегрирана еколошка дозвола со важност до април 2021год и 1 (една) истата Б интегрирана еколошка дозвола во постапка за обновување. Запазена е постапката за премин на Б-ДУОП во Б-ИЕД, немаат одговорено дали за издадените дозволи се пресметува надоместок. Општината за

издадените дозволи навремено да доставува примерок од издадената дозвола до Министерството за Животна средина и просторно планирање.
Во општината имаат овластено лице кое ги издава дозволите и кое е обучено за тоа но е на работно место овластен инспектор за животна средина кое бил задолжен и како советник за издавање на Б-ИСКЗ дозволи со овластување

*По однос на обврските согласно* ***Законот за животна средина*** *:*

-Општината Нема донесено нов ЛЕАП последниот им бил со важност до 2015 година, немаат нов бидејќи имале недостаток на финансиски средства.

-Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби.

-Општината нема донесено План за спроведување на инспекциски надзор за 2021 година, Општината имала Одделението за инспекциски надзор кое немало раководител. Во одделението имало само еден овластен инспектор за животна средина кој е задолжен и за советник за издавање на Б-ИСКЗ дозволи со овластување и за одобрување на елаборати како и овластен проценител за недвижен имот.

-Нема воспоставено катастер согласно член 42 и не доставува податоци до МЖСПП.

-Општината нема воспоставено регистер на загадувачи и не доставува податоци за одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивни карактеристики до МЖСПП.

*Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од* ***Законот за управување со отпадот***

- Општината има одговорено дека нема донесено План и Програма за управување со отпадот, но истиот е со одминат рок односно од 2014-2019година .

- Во однос на годишната програма за управување со отпад, општината известува дека истата ја изготвува ЈПКД Комунална хигена Новаци.

-Општината нема определено локација за претоварни станици.

-Не изготвува консолиридан извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање, складирање третман, преработка, отстранување и промет на отпад, кој треба да го достави до МЖСПП согласно член 39 од ЗОУ.

-На територијата на општината функционира ЈПКД „Комунална хигиена„ с. Новаци, кој поседува Дозвола за собирање и транспортирање на неопасен и други видови на комунален отпад.

-Општината се изјасни дека нема определено место за третман и отстранување на инертен отпад .

-Не врши мониторинг на управувањето со отпадот и нема донесено Програма за мониторинг за управување со отпад.

-Нема организирано информативен систем согласно член 113.

-Не води катастар на својата општина на создавачите на неопасен отпад согласно член 116.

-Нема склучено договор со правно лице за управување со отпадот од пакување.

-Нема регистрирано правно лице кое поседува дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување.

- Општината нема реализирано инспекциски надзор во областа на животната средина (согласно член 126 и 129) бидејќи назначениот овластен инспектор за животна средина а кој што има лиценца е задолжен како советник за издавање на Б-ИСКЗ дозволи, со овластување и за одобрување на елаборати како и овластен проценител за недвижен имот.
- Општината нема одговорено како и дали овозможува остварување на правото на пристап до јавни информации и јавно учество во донесувањето одлуки во областа на отпадот.

*Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Новаци, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од* ***Законот за водите:***

- Согласно член 26 и 28 и согласно член 79 од ЗВ прибавени се Дозвола за користење на вода од извори за водоснабдување на населени места Градешница, Старавина, Зовиќ и Будимирци и Дозвола за испуштање на отпадни води од пречистителна станица во с. Добромири.
- Општината согласно член 96 став 2 од ЗВ нема донесено одлука за потребата за определување на заштитни зони за водните тела кои се користат за консумирање од страна на човекот и нема поднесено барање со елаборат до Министерство за животна средина и просторно планирање за да согласно член 96 став 1 се определат заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот, но во план е во наредниот период да донесе одлуки за потребата од определување на заштитни зони за за водните тела кои се користат за консумирање од страна на човекот.
- Општината при издавање на Б интегрирани еколошки дозвола утврдува дали инсталацијата за активностите и дејностите за кои се издава дозвола за користење и дозвола за испуштање ги има прибавено од МЖСПП.
- Општината во прашалникот има одговорено дека нема донесено Програмаза одведување, собирање и пречистување на урбаните води општината бидејќи освен во с. Новаци каде канализационата мрежа е во завршна фаза од изградба во останатите населени места нема изградено канализациони мрежи.Општината не ги исполнила обврските согласно член 116 и не обезбедила ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.

Општина Новаци пристапувала кон редовно чистење на каналската мрежа, одводните канали, пролетно и есенско чистење на атмосферската канализација во сите населени места, во соработка со АД Водостопанство-Битолско поле се вршело еднаш годишно генерално чистење на целата каналска мрежа на одводните канали и чистење на речното

корито на река Црна преку заеднички проекти. Изградба на речни корита-Порои итн. Општината нема Програма за заштита од штетно дејство на водите член 124 ЗВ и согласно член 143 од ЗВ, не изработила, доставила и објавила извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.

-Општина Новаци има изработено и во 2020 година има доставено Оперативен план за заштита и одбрана од поплави до Министерство за животна средина и просторно планирање и постапува согласно истиот. Општина Новаци има донесено Одлука за Процена на загрозеност на подрачјето на општина Новаци од сите ризици и опасности вклучувајќи ја опасноста од поплави.

- Советот на општина Новаци нема донесено одлука за определување на граници на ерозивно подрачје.

- Општината постапува согласно член 131 и ги определила крајбрежниот заштитен појас на водотеците во населените места с. Градешница и с. Долно Агларци. Делумно, со изработена техничка документација извршено е уредување на порој во с. Гермијан.

-Општината не врши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата согласно член 133.

- Општината нема воспоставено мониторинг за водни тела согласно член 145 ЗВ нема донесено Програма за мониторинг на водите и не доставува податоци согласно член 156 ЗВ.

-ЈКП Комунална Хигиена Новаци како комунално претпријатие основано од Општина Новаци, врши одржување на системите за водоснабдување со вода за пиење во населените места кои се снабдуваат со вода за пиење од локални водоснабдителни системи –локални водоводи. Најголемиот дел од населените места со вода за пиење од градската водоводна мрежа од Битола, а останатите села се снабдуваат од локални водоводи со кои дел стопанисуваат месните заедници, дел општината преку комуналното претпријатие. Заштита во однос на исправноста на водата и испитувањето и одржувањето го врши комуналното претпријатие преку ангажирање на приватна фирма преку јавна набавка која ги одржува локалните водоводи, редовно ги хлорира, чисти и одржува електрониката на бунарите и пумпите.

Општината има недостаток на човечки ресурси од областа на животната средина.

*Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Новаци, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од областа на заштита од* ***бучава*** *во животната средина :*

Општината нема развиено локална мрежа за мониторинг на бучава согласно член 19 од ЗЗБЖС.

Нема склучено договор за мерење на бучава со овластено правно лице.

-не води катастер на создавачи на бучава бучава согласно член 35 од ЗЗБЖС.

Општината при издавање на одобренија за градба утврдува дали планските документи за објектот ги исполнува условите и мерките во врска со заштитата од бучава согласно член 23 од ЗЗБЖС.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостацои кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:**

-Да се отпочне постапка за изработка на ЛЕАП,

-Да се изготви надворешен план за вонредни состојби согласно член 154 од ЗЖС, и истиот да ни се прати на увид.

-Назначеното лице со решение за распоредување за овластен инспектор кое веке ја има добиено лиценцата да отпочне со работа како инспектор и да изготви план за инспекциски надзор, а да се ослободи од сите други овластувања, бидејки неможе согласно закон да издава дозволи/елаборати итн и истите да ги инспектира.

*Во областа на отпадот комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:*

-Да се достави информација до министерството дали Регионален план за управување со отпад е усвоен од страна на советот на општината, дали се отпочнати активности за негова реализација.

- Да отпочне со изготвување на консолиридан извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање, складирање третман, преработка, отстранување и промет на отпад, и да го достави до МЖСПП согласно член 39 од ЗОУ.

- да се достави информација до министерството која локација во општината се употребува за отстрнување на инертен отпад.

- Општината да отпочне со водење Катастар на својата територија, каде ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад.

- Општината да пристапи кон склучување договор со правно лице кое поседува Дозвола за колективно постапување со посебни текови со отпад (батерии и акумулатори, отпад од пакување и отпадна електрична и електронска опрема).

*-Општината да отпочне со спроведување на обврските согласно Законот за заштита од бучава.*

*Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:*

- За испуштање во води и испуштање и фрлање материи и супстанции во реципиенти за кои не е прибавена дозвола согласно член 79 од ЗВ, Општината или јавното комунално претпријатие да прибави Дозвола за испуштање во води и испуштање и фрлање материи и супстанции во реципиентите. Исто така доколку се користи вода за водоснабдување од водни тела за кои не е прибавена дозвола за користење да се прибави истата. За издадените дозволи Општината или јавното комунално претпријатие, шест месеци пред истекот на рокот на дозволите да достави барање до Министерството за животна средина и просторно планирање за нивно продолжување.

- Општината потребно е согласно член 96 став 2 од ЗВ да донесе Одлука за потребата од определување на заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот. Одлуката за потребата со барање и Елаборат за определување на заштитни зони потребно е да се достави до Министерство за здравство и Министерство за животна средина и просторно планирање за да согласно член 96 став 1 од ЗВ се

изработи Предлог одлука за заштитни зони која ќе ја донесе Владата на РСМакедонија. По донесување на одлуката од страна на Владата на РСМакедонија потребно е општината во урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.

- Согласно член 114 од ЗВ, потребно е општината да донесе Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води и да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајќи го и отстранувањето на тињата и да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ. Општината да ги исполни обврските согласно член 116 и да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.

- Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма.

-Потребно е согласно член 143 општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.

- Донесениот Оперативен план за заштита и одбрана од поплави по потреба да се спроведува, а по истекот на периодот за кој е изработен повторно да се изработи и да се достави до Министерство за животна средина и просторно планирање.

- Општината во населените места да продолжи да го определува крајбрежниот заштитен појас за водотеците за кои не е определен истиот и да го уреди согласно член 132.

-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 137 од ЗВ.Општината согласно член 141 од ЗВ да продолжи да ги превзема мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.

- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.

- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.

-Да се овластат или вработат лица кои ке бидат надлежни за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи како и за одобрување на елаборати и вработен кој ке работи на заштита на животната средина согласно законските прописи и да ги опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за водите, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина.

Согласно Нацрт заклучокот на Владата во 2020 година кој сите општини го имаат добиено, истите беа задолжени да направат односно систематизираат работни места кои ќе бидат организирани за заштита на животната средина, со можност за систематизирање на одделение доколку општината е поголема.
Се препорачува да имате вработени кои ќе бидат на работни места само за заштита на животната средина како би можеле да одговорат на надлежностите на општината согласно законите.
-Во рок од 6 месеци Општина Новаци треба да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности согласно утврдените недостатоци во однос на имплементацијата на надлежностите.

Скопје, 2021година

Комисија:

Тања Кироска Филиќ________________
Ирена Николовска, ____________________
Сашо Илиќ, ______________
Даниела Наумоска, ________________
Даниела Ристова,__________________